РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-2711-2
10-09-2021

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од познат подносител, на продолжението на 51-вата седница одржана на ден 01.09.2021 година донесе

## Одлука

Пријавата за корупција бр. 12-2711/1 од 10.08.2021 година, од страна на познат подносител – ------------ од ------------, --------------, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – друг орган веќе постапил по предметот на пријавата опишан во предметот оформен од ДКСК врз основа на пријавата бр. 12- 2711/1 од 10.08.2021 година.

Предметот со број 12-2711 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

## Образложение

Предметот со број 12-2711 од 2021 година е оформен врз основа на пријава со бр. 12-2711/1 од 10.08.2021 година, од познат подносител - ---------------- од ------------, ---------------.

Во пријавата се наведени напомени, а во врска предмет покренат против пријавителот ---------------- за извршување на побарување по сметка кај банка која му припаѓа на физичко лице, согласно член 149 став 1 од Законот за извршување, за кој има налог за извршување со И.бр. --------- од доверител Адвокат ------------.

Покренувањето на предметот за извршување се должи на претходно спроведена судска постапка во која пријавителот бил застапуван од страна на Адвокатот ----------------, а во која како што е наведено во пријавата, со извршна исправа со број Гж бр. --------- од --------- година е утврден износ од ------------ кој пријавителот треба да му ги надомести на споменатиот адвокат.

Пријавителот во пријавата исто така наведува и дека за сите активности во фазата на постапката за која го застапувал адвокатот, односно поднесени правни акти како и сите други

трошоци му ги исплаќал на неделна основа, но за тоа не добивал документ за уплата на средства.

Како што може да се утврди од прилозите кон поднесената пријава, Адвокатот ---------------------- водел постапка пред надлежен суд против ----------------, а во врска со наплатата на средства по основ на дадена правна помош каде што судот го задолжува --------------------- да ги исплати наведените средства.

Државната комисија за спречување на корупцијата, од аспект на надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата во предметната пријава утврди дека во случајот друг орган веќе постапил по предметот на пријавата, односно дека за истото има правосилна Пресуда од надлежен суд.

Од причини, како е погоре наведено, Државната комисија оцени дека пријавата не содржи елементи за надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до
-Архива
- подносителот

Изработил: м-р К.З., Советник
Одобрил: м-р Ш.С., Член на ДКСК